# - ПОВИК ЗА СТУДЕНТСКИ ТЕКСТОВИ -

***Центарот за меѓународни и развојни студии - Скопје***
објавува повик за доставување на студентски текстови
за новото специјално издание на
***Policy paper: New Balkan Challenges***
www.cids.org.mk

Центарот за меѓународни и развојни студии - Скопје ги поканува студентите на прв, втор и трет циклус студии од Универзитетите низ државава да достават текстови, есеи, трудови и други лични и индивидуални ракописи во следните области:

- Европска и Балканска политика,
- Економија и финансии,
- Безбедносни прашања,
- Културни и етнички студии,
- Политики за заштита на животната средина во Балканските држави.

Целта на ова специјално издание на Policy Paper: New Balkan Challenges е да собере студентски текстови низ кои ќе се презентираат научни и теоретски сознанија, резултати, податоци, информации, аргументи, заклучоци, предлози и препораки за имплементација на рационални и прифатливи решенија за општествени предизвици и проблеми во Балканските држави.

Policy Paper: New Balkan Challenges го објавува и издава Центарот за меѓународни и развојни студии од Скопје.

Визијата на Центарот за меѓународни и развојни студии од Скопје е да придонесе за општествено-економски развој и заштита на животната средина и унапредување на сите сегменти на општествата; дизајнирање на креативни решенија за идните перспективи на сите граѓани и држави; да придонесе за промоција на морални вредности кај сите граѓани, без предрасуди, стереотипи и дискриминација; зголемување на политичката и безбедносната свест и културата кај сите граѓани.

До првиот број на Policy Paper: New Balkan Challenges може да пристапите преку следниот линк https://cids.org.mk/images/New_Balkan_Challenges-Policy_paper-y.1.num.1.pdf

## Технички детали и процес на објавување

Студентските текстови треба да бидат напишани во Microsoft Office Word, A4 формат, маргини: Горна, Долна, Лева и Десна - 2,5 cm.
Фонт:Times New RomanRegular, големина: 12, проред: single (1), порамнување: двострано.
Текстовите треба да бидат до максимум 6 страни.

Текстовите може да бидат напишани на македонски или англиски јазик.

Предлог текстовите треба да содржат и наслов, име и презиме на авторот (факултет и универзитет, e-mail) и библиографија.

Текстовите треба да бидат испратени во електронска верзија на официјалната електронска пошта на Центарот за меѓународни и развојни студии cids.skopje@gmail.com

Текстовите ќе бидат рецензирани од професори од соодветната област на која припаѓа текстот.

Специјалното издание на Policy Paper: New Balkan Challenges ќе биде објавено на официјална интернет страница на Центарот за меѓународни и развојни студии www.cids.org.mk

Секој автор после прифаќањето и објавувањето на текстот ќе добие СЕРТИФИКАТ за објавување на студентски текст во Policy Paper: New Balkan Challenges.